# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА
# ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ

**Број 34** **2024**

**ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ**

**ПЕТРОВЕЦ - ФЕВРУАРИ 2024 год.**

# СОДРЖИНА

1.Решение за објавување на Одлука за давање во сопственост на машина за чистење на фекална канализација на ЈКП Петровец-Петровец..............................................................................стр.1

2.Одлука за давање во сопственост на машина за чистење на фекална канализација на ЈКП Петровец-Петровец..............................................................................стр.2

3.Решение за објавување на Одлука за давање во сопственост на машина-мулчер на ЈКП Петровец-Петровец ..............................................................................стр.3

4.Одлука за давање во сопственост на машина-мулчер на ЈКП Петровец-Петровец..............................................................................стр.4

5.Решение за објавување на Заклучок давање на согласност за превземање на водоводен систем во ингеренции и владение на ЈКП Петровец-Петровец..............................................................................стр.5

6. Заклучок давање на согласност за превземање на водоводен систем во ингеренции и владение на ЈКП Петровец-Петровец ..............................................................................стр.6

7.Решение за објавување на Заклучокот за разгледување на Барањето од Уставниот суд (Нивен број У81/24 од 06.02.2024 г.) ..............................................................................стр.7

8 Заклучокот за разгледување на Барањето од Уставниот суд (Нивен број У81/24 од 06.02.2024 г.)..............................................................................стр.8

Врз основа на член 50 став(1) точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.05/2002) и член 76 од Статутот на Општина Петровец (Службен Гласник на Општина Петровец бр.09/06), Градоначалникот на Општина Петровец донесува:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За објавување на Одлуката за давање во сопственост на машина за чистење на фекална канализација на Ј.К.П. „Петровец„ - Петровец**

**Член 1**

Се објавува **Одлуката за давање во сопственост на машина за чистење на фекална канализација на Ј.К.П. „Петровец„ - Петровец,** што Советот на Општина Петровец ја донесе на седницата одржана на 26.02.2024 година.

**Член 2**

Решението влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во Службен Гласник на Општина Петровец.

**ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ**
**Г р а д о н а ч а л н и к**
**Борче Митевски с.р**

**Арх.бр. 08-671/2**
**28.02.2024г.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 10, член 64 и 65 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М.„ бр. 05/2002) и член 19 од Статутот на Општина Петровец („Службен весник на Р.М.„ бр. 09/06), Советот на Општина Петровец на седницата одржана на 26.02.2024 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

**за давање во сопственост на машина за чистење на фекална канализација**
**на Ј.К.П. „Петровец„ - Петровец**

**Член 1**

Општина Петровец со оваа Одлука предава во сопственост на Ј.К.П. „Петровец„ - Петровец машина за чистење на фекална канализација, набавена по спроведена постапка за јавна јабавка, оглас бр. 22410/2022 и потпишан договор за јавна набавка бр. 08-295/1 од 02.02.2023 година.

**Член 2**

Општина Петровец е сопственик на машината наведена во член 1 на оваа Одлука и истата без надоместок ја предава во сопственост на Ј.К.П. „Петровец„ - Петровец.

**Член 3**

Оваа одлука претставува правен основ за регистрација на машината на новиот сопственик Јавното Комунално Претпријатие Петровец - Петровец.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Петровец.

**Совет на Општина Петровец**
**Претседател**
**Блаже Никчевски с.р.**

**Арх.бр.07-594/4**
**28.02.2024г.**

Врз основа на член 50 став(1) точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.05/2002) и член 76 од Статутот на Општина Петровец (Службен Гласник на Општина Петровец бр.09/06), Градоначалникот на Општина Петровец донесува:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За објавување на Одлуката за давање во сопственост на машина - мулчер на Ј.К.П. „Петровец„ - Петровец**

**Член 1**

Се објавува **Одлуката за давање во сопственост на машина - мулчер на Ј.К.П. „Петровец„ - Петровец**,што Советот на Општина Петровец ја донесе на седницата одржана на 26.02.2024 година.

**Член 2**

Решението влегува во сила со денот на неговото донесување, а ке се објави во Службен Гласник на Општина Петровец.

**ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ**
**Г р а д о н а ч а л н и к**
**Борче Митевски с.р.**

**Арх.бр. 08-671/3**
**28.02.2024г**

Врз основа на член 36 став (1) точка 10, член 64 и 65 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М.„ бр. 05/2002) и член 19 од Статутот на Општина Петровец („Службен весник на Р.М.„ бр. 09/06), Советот на Општина Петровец на седницата одржана на 26.02.2024 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

**за давање во сопственост на машина - мулчер**
**на Ј.К.П. „Петровец„ - Петровец**

**Член 1**

Општина Петровец со оваа Одлука предава во сопственост на Ј.К.П. „Петровец„ - Петровец машина-мулчер, набавена по спроведена постапка за јавна јабавка, оглас бр. 11327/2022 и потпишан договор за јавна набавка бр. 08-1783/1 од 25.07.2022 година.

**Член 2**

Општина Петровец е сопственик на машината наведена во член 1 на оваа Одлука и истата без надоместок ја предава во сопственост на Ј.К.П. „Петровец„ - Петровец.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Петровец.

**Совет на Општина Петровец**
**Претседател**
**Блаже Никчевски с.р.**

**Арх.бр.07-594/3**
**28.02.2024г.**

Врз основа на член 50 став(1) точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.05/2002) и член 76 од Статутот на Општина Петровец (Службен Гласник на Општина Петровец бр.09/06), Градоначалникот на Општина Петровец донесува:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За објавување на Заклучокот за прифаќање иницијативата на група граѓани од викенд населбата Катлановска Бања (Иницијатива бр.07-558/1 од 19.02.2024 г.) за превземање во сопственост на изградената инфраструктурна водоводна мрежа**

**Член 1**

Се објавува **Заклучокот за прифаќање иницијативата на група граѓани од викенд населбата Катлановска Бања (Иницијатива бр.07-558/1 од 19.02.2024 г.) за превземање во сопственост на изградената инфраструктурна водоводна мрежа**,што Советот на Општина Петровец ја донесе на седницата одржана на 26.02.2024 година.

**Член 2**

Решението влегува во сила со денот на неговото донесување, а ке се објави во Службен Гласник на Општина Петровец.

**ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ**
**Г р а д о н а ч а л н и к**
**Борче Митевски с.р.**

**Арх.бр.08-671/4**
**28.02.2024г**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Р.М. Бр. 05/02) и член 19 од Статутот на Општина Петровец (Сл. Гласник бр. 09/06), Советот на Општина Петровец на седницата одржана на ден 26.02.2024 г. (понеделник) година, до донесе следниов:

**З А К Л У Ч О К**

1.Советот на Општина Петровец, ја прифати иницијативата на група граѓани од викенд населбата Катлановска Бања (Иницијатива бр.07-558/1 од 19.02.2024 г.) за превземање во сопственост на изградената инфраструктурна водоводна мрежа која не е во спротивност со позитивните законски прописи кои ја третираат оваа проблематика.

2.Се задолжува градоначалникот на Општина Петровец преку административните служби во рок од 5 дена од објавувањето на овој заклучок во Службениот гласник на општината, согласно позитивните законски прописи да изготви и достави до Советот на Општина Петровец Предлог Одлука за превземање во сопственост и давање на управување на инфраструктурниот водоводен систем на ЈКП Петровец, Петровец.

3.За заклучок на советот, соодветно да бидат информирани подносителите на иницијативата.

4. Заклучокот да се објави во Службен гласник на Општина Петровец.

**Совет на Општина Петровец**
**Претседател**
**Блаже Никчевски с.р**

**Арх.бр.07-594/5**
**28.02.2024г.**

Врз основа на член 50 став(1) точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.05/2002) и член 76 од Статутот на Општина Петровец (Службен Гласник на Општина Петровец бр.09/06), Градоначалникот на Општина Петровец донесува:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За објавување на Заклучокот за разгледување на Барањето од Уставниот суд (Нивен број У81/24 од 06.02.2024 г.)**

**Член 1**

Се објавува **Заклучокот за разгледување на Барањето од Уставниот суд (Нивен број У81/24 од 06.02.2024 г.)**,што Советот на Општина Петровец ја донесе на седницата одржана на 26.02.2024 година.

**Член 2**

Решението влегува во сила со денот на неговото донесување, а ке се објави во Службен Гласник на Општина Петровец.

**ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ**
**Г р а д о н а ч а л н и к**
**Борче Митевски с.р.**

**Арх.бр.08-671/1**
**28.02.2024г**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Р.М. Бр. 05/02) и член 19 од Статутот на Општина Петровец (Сл. Гласник бр. 09/06), Советот на Општина Петровец на седницата одржана на ден 26.02.2024 г. (понеделник) година, до донесе следниов:

**З А К Л У Ч О К**

1.Советот на Општина Петровец, го разгледа Барањето од Уставниот суд (Нивен број У81/24 од 06.02.2024 г.) и го задолжува градоначалникот преку стручните служби во рок од 5 дена да ги достави бараните податоци (да се произнесе за бројот на Службениот гласник на општината во кој горенаведениот деловник е објавен и да достави докази за истото).

2.Советот на општината стои на располагањее за сите допилнителни барања од страна на Уставниот суд.

3.Заклучокот да се објави во Службен гласник на Општина Петровец.

**Совет на Општина Петровец**
**Претседател**
**Блаже Никчевски с.р.**

**Арх.бр.07-594/6**
**28.02.2024г.**